Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 222//0306
09.04 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.03.2025 година, врз основа на примена жалба од **Град Скопје,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„АЛАРМАНТНО: Администрацијата на Град Скопје, новинари и гости ја пијат контаминираната косовска вода „Ругове“ која АХВ ја забрани!“,** објавен во онлајн медиумот „Курир.мк“ (kurir.mk), на 04.03.2025 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Град Скопје на 06.03.2025 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов **„АЛАРМАНТНО: Администрацијата на Град Скопје, новинари и гости ја пијат контаминираната косовска вода „Ругове“**, објавен во онлајн медиумот „Курир.мк“ mk), на 04.03.2025 г., при што се жали на неточно и нефер известување, незастапена втора страна и друго.

Во жалбата се наведува дека од страна на порталот „е изнесена неточна и нефер содржина на сметка на Град Скопје, не се знае што е факт, а што мислење, притоа известувањето е пристрасно, без да биде застапена втората страна“.

Освен ова жалителот наведува дека не е дадено разумно време за одговор. „Прашањата од порталот се испратени во 13.00 часот односно на само 05 минути пред да биде објавен текстот на интернет порталот, со што на втората страна не и е дадено разумно време за одговор да се произнесе, спротивно на Етичкиот кодекс на новинарите“.

Жалителот наведува дека иако е испратена и реакција со барање за извинување, порталот не ја објавил реакцијата.

Во жалбата упатена преку овластен адвокат во прилог е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и испратената, а необјавена реакција.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот  стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот

## ОДЛУКА  НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„АЛАРМАНТНО: Администрацијата на Град Скопје, новинари и гости ја пијат контаминираната косовска вода „Ругове“ која АХВ ја забрани!“,** објавен во онлајн медиумот „Курир.мк“ (kurir.mk), на 04.03.2025 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членот 1 и членот 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk    info@semm.mk    (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е несомнено од јавен интерес, односно прашање поврзано со квалитетот на вода за пиење која според медиумот Град Скопје ја служел во своите канцеларии, во Советот на Градот, на други лица, итн.

Комисијата констатираше дека иако темата е многу сензитивна, медиумот ја обработува селективно и се фокусира на Град Скопје, иако споменатата вода се продавала на многу други места и се користела и во институции. Исто така, забележителен е сензационалистичкиот пристап кон темата уште од самиот наслов преку употребата на зборовите „алармантно“ и „контаминирана“. Иако медиумот се повикува на забрана изречена од Агенцијата за храна и ветеринарство(АХВ), таков документ во реалноста не постои. Дури и пребарувањето на објавени текстови на Интернет покажува дека медиумот истиот ден претходно ја објавил информацијата од АХВ до која дошле медиумите, но во таа информација не се зборува за забрана за употреба, туку дека Агенцијата наложува засилен инспекциски надзор на сите пратки со вода и безалкохолни пијалоци со потекло од Косово. Комисијата утврди дека истиот ден, неколку часа подоцна, медиумот објавил и известување од АХВ, дека новата анализа утврдила дека споменатата вода е исправна за употреба.

Комисијата посебно се задржа и на испратеното барање за одговор до Град Скопје, за кое жалителот документирано наведува дека било испратено само пет минути пред да биде објавен текстот. Притоа, ставот на Комисијата е дека ваквиот пристап на медиумот е обид за изигрување на обврската што произлегува од етичките и професионалните стандарди на медиумите. Наместо да се овозможи правото на одговор на засегнатата страна — што претставува основен принцип за објективно информирање — медиумот го исполнува овој аспект само формално, без вистинска намера да ја провери информацијата од повеќе извори и да го вклучи ставот и на втората страна, односно онаа за која пишува во новинарскиот производ. Медиумите, освен ако не станува збор за несреќи, природни катастрофи или слични неодложни ситуации, кога бараат одговор од институција или друга засегната страна треба да ѝ овозможат разумно време за давање на одговорот. Од тука Комисијата оцени дека недвосмислено е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија кој ја уредува оваа материја.

Во однос на тврдењето на жалителот дека не била објавена реакцијата што веднаш ја испратил Градот до споменатиот медиум, Комисијата утврди дека „Курир“ има објавено таква реакција, односно само делови од реакцијата. Медиумот со датум од истиот ден пласирал текст со наслов „Град Скопје со зајадлив одговор за контаминираната косовска вода „Ругове“... Притоа, медиумот објавил само дел од реакцијата и тоа во форма на коментар кој почнува уште од самиот наслов, а се провлекува и во текстот. Од тука, Комисијата немаше дилеми дека е прекршен и членот 3 од Кодексот на новинарите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Од тие причини Комисијата заклучи дека се прекршени член 1 и член 3 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 1**

*Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

**Член 3**

*Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.*

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595